Национална агенција за европски
образовни програми и мобилност
Скопје Р. Македонија
Дата 27-08-2020
Бр. 05-864/3

# 1. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ НА СТРАТЕГИСКИОТ ПЛАН

| Стратегиски план за 2021-2023 | Национална агенција за европски образовни програми и мобилност |
|---|---|

## 1.1. ВОВЕД

Република Северна Македонија се наоѓа непосредно пред почетокот на отворањето на преговорите за полноправно членство со ЕУ, а периодот кој го опфаќа оваа стратегија е поврзан со самиот почеток на преговорите. За таа цел неопходно е исполнување на институционални и административни услови дефинирани како приоритети. Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (во натамошниот текст Национална агенција - НА) како самостојна јавна институција има значајна улога во целиот овој комплексен процес на европска интеграција на Република Севрна Македонија (во натамошниот текст РСМ).

Програмата *Еразмус плус* и нејзината наследничка Програмата *Еразмус плус 2021-2027* се конкретно развиени програми со кои ЕУ овозможува поддршка на имплементацијата на политиките во образованието, обуката, млади и спорт. Националната агенција ги исполни во целост административните предуслови за целосно отворање на програмата Еразмус плус 2014-2020 за македонските граѓаните и институциите во РСМ, но за новата програма потребен е процес на реакредитација на институцијата, процес кој се одвива на европско ниво. Со стратегискиот план предвидени се сите неопходни мерки и активности за институционална надградба со цел успешен децентрализиран менаџмент на Програмата *Еразмус плус* со нејзините останати обврски, како и успешно започнување на Програмата *Еразмус плус 2021-2027*. Во овој процес секако од исклучително значење е и соработката и координацијата со сите релевантни институции, бидејќи реализацијата на програмите и проектите ќе придонесе во развојот на заедницата преку поддршка на едукативниот, професионалниот и личниот развој на луѓето во образованието, обуката, младите и спортот, со што ќе придонесе за одржлив раст, работни места и социјална кохезија и зајакнување на европскиот идентитет.

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност претставува значајна институција непосредно поврзана со образовниот систем на Република Северна Македонија кој е од есенцијално значење од аспект на државните аспирации за членство во Европската Унија. Секоја година Европската комисија испраќа извештај за Република Северна Македонија за различни области, распределени по поглавја при што напредокот се мери врз основа на донесените одлуки, донесенсто законодавство и спроведените мерки. Во поглавјето 26: *Образование и култура* даден е посебен акцент на Националната агенција и нејзината работа каде што од година во година може да се забележи постојаниот прогрес кој се постигнува преку заложбите за поуспешно спроведување на проектите, односно реализација на програмите кои се во доменот на Агенцијата.

Националната агенција е буџетски корисник од прва линија. Средствата за финансирање на Националната агенција се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и од Европската комисија во согласност со склучените договори. Националната агенција од буџетската сметка врши исплати за плати и надоместоци, тековно одржување и опрема за работа. Кофинансирањето од Европската комисија се регулира со посебни договори склучени меѓу Националната агенција и Европската комисија. За кофинансирање на

годишната програма за работа на институцијата за остварување на програмите, Националната агенција склучува договори со Европската комисија, со претходно одобрување на годишната програма за работа од страна на Министерството за образование и наука (натаму МОН), кое претставува национална власт за Националната агенција.

Претходните програми "Доживотно учење", "Младите во акција" во Република Северна Македонија беа имплементирани од страна на Националната агенција во периодот од 2008 – 2013 година, а од 2014 година активностите преминаа во новата програма Еразмус+. Програмските активности на Националната агенција, почнувајќи од 2021 година се насочуваат кон спроведување на новата програма *Еразмус плус 2021-2027*.

Корисници на програмите можат да бидат: ученици, студенти, наставници, професори обучувачи и друг персонал кој е вклучен во кој било дел од образовниот процес, претпријатија и други правни лица, вклучувајќи ги и трговските друштва, стопанските комори и другите здруженија на правни лица од областа на индустријата, истражувачки центри и тела како и здруженија на граѓани и фондации. Од друга страна, Европскиот солидарен корпус, кој е дел од работата на Националната агенција, поддржува и физички лица и групи на физички лица.

## 1.2. МИСИЈА

**Мисијата на Националната агенција** е да обезбеди зголемена размена, соработка и мобилност во областа на образованието, обуката и меѓу младите, вклучувајќи ги и оние со посебни потреби и обесправените групи без оглед на нивната социјално - економска положба. За таа цел, Националната агенција ќе ги имплементира неопходните мерки/нормативи за децентрализиран менаџмент на Програмата *Еразмус плус* и нејзината наследничка Програмата *Еразмус плус 2021-2027*.

**Мисијата на Националната агенција** е да работи на промоција и спроведување на европските програми во областа на образованието, обуката, младите и спортот во Република Севрна Македонија. Националната агенција со остварување на овие програми има за цел да придонесе во развојот на заедницата преку поддршка на едукативниот, професионалниот и личниот развој на луѓето во образованието, обуката, младите и спортот, со што ќе придонесе за одржлив раст, работни места и социјална кохезија и зајакнување на европскиот идентитет.

Општество засновано на напредно знаење, со одржлив економски развој, повеќе и подобри работни места и поголема социјална кохезија, истовремено обезбедувајќи заштита на средината за идните генерации, а особено размена, соработка и мобилност во областа на образованието и обуката.

## 1.3. ВИЗИЈА

Визијата на Националната агенција е зголемување на квалитетот на човечките ресурси, зголемена размена, соработка и мобилност во областа на образованието, обуката и личен развој преку користење на фондовите од Програмата *Еразмус Плус* во периодот 2021-2027 година. Истовремено, сите овие активности се во функција на европскиот контекст на македонското образование, како и европеизацијата на општеството.

Успешното спроведување на програмата ЕРАЗМУС+ и сите нејзини акции и области како и прераснување во институција која ќе претставува централна точка односно „one stop shop" за програми, фондови и други можности кои се нудат во полето на образованието, науката, истражувањето, младите и спортот е визијата на **Националната агенција** за претстојниот период.

Имено, самото станување на полноправна програмска држава на Националната агенција на Република Северна Македонија, од една страна и носи огромни придобизки и корист, додека пак од друга страна, и наметнува одговорнэсти и обврски за реализација на сите поставени цели.

## 1.4. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА НАЦИОНАЛНАТА АГЕНЦИЈА

Работата на Националната агенција се заснова на надлежностите и обврските кои произлегуваат од Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност ("Службен весник на Република Севрна Македонија " бр.113/07) и тоа децентрализирано менаџирање и имплементација на Програмата за *Доживотно учење* (Одлука бр.1720/2006 Совет на Европа) и програмата *Млади во акција* (Одлука бр.1719/2006 Совет на Европа) како специфична структура за координирано менаџирање на имплементацијата на Програмата за *Доживотно учење*, Програмата *Млади во акција*, програмата *Еразмус плус 2014-2020* (Одлука бр. 288/2013 Совет на Европа), какс и програмата *Еразмус плус* 2021-2027, (Одлука бр. 0191/2018 Совет на Европа), на национално ниво (Национална агенција).

Согласно овие законски одредби, **Националната агенција ги извршува следните задачи и обврски:**
Во Правилникот за систематизација на работните места на Националната агенција се утврдени пет сектори и тоа: 1) Сектор за координација и реализација на европски програми и мрежи; 2) Сектор за индивидуални мобилности во областа на образование, обука и млади 3) Сектор за стратегиски партнерства од областа на образование, обука и млади, 4) Сектор за правни работи и 5) Сектор за финансиски прашања.

Преку **Секторот за координација и реализација на европските програми и мрежи** ги развива и обединува политиките во рамките на делокругот на секторот и ги координира и спроведува таквите политики преку контрола врз програмите и мрежите. Работи на прашањата поврзани со поддршка на имплементацијата на програмите и проектите кои ги управува Националната агенција, особено во делот на комуникациите и институционалната соработка.

Активностите на овој сектор истовремено придонесуваат и кон развојот на политиките на Европската Унија, особено во делот на имплементирање на европските програми и мрежи. Во овој сектор спаѓаат европските мрежи: Европас, Еврогајденс, еТвининг, Евридика, Епале и Јутвики. Овој сектор, исто така, врши координација на програмата Еразмус плус со која децентрализирано управува Националната агенција.

Преку **Секторот за индивидуални мобилности во областа на образованието, обуката и младите** кој ги опфаќа индивидуалните мобилности во областа на високото образование, училишното и стручното образование како и образованието за возрасните и младите. Секторот е поделен во 2 одделенија во кои се поделени гореспоменатите области.

Одделението од областа на високо образование, образование на возрасни и млади ги извршува работните задачи кои содејствуваат на овие области. Тука се опфатени универзитетите кои поседуваат Еразмус повелба за високо образование, невладини организации, младински организации и др.

Учењето преку индивидуални мобилности создава можности за лицата да ги подобрат своите вештини, подобрување на вештините за вработување и зголемување на културната свест. Преку индивидуалните мобилности се стекнуваат следниве можности: Период на студирање или работен ангажман за студентите во високото образование; Стручни обуки за практиканти и студенти од почетна стручна обука; Младински размени; активности од областа на Европскиот волонтерски сервис; професионален развој и обука на кадри во полето на образованието, обуката и младите.

Одделението за индивидуални мобилности од областа на училишно и стручно образование ги опфаќа стручните училишта, училиштата кои се на листата на МОН (приватни и државни), кој им овозможува на стручно усовршување на наставниците и учениците.

Преку **Секторот за стратегиски партнерства од областа на образование, обука и млади** опфаќа проектни активности на соработка кои им овозможуваат на организациите да ги подобрат своите мерки, да разгледуваат прашања од заеднички интерес и да споделуваат иновативни практики. Во програмата Еразмус+, една организација ќе го води проектот и ќе менаџира со активностите и финансиите во име на партнерството. Различни големини на партнерства се можни за да можат да се вклучат и помалите организации.

Секторот за стратегиски партнерства од областа на образование, обука и млади содржи 3 одделенија: одделение за стратегиски партнерства од областа на училишно и стручно образование, одделение за стратегиски партнерства од областа на високо образование и образование за возрасни и одделение за стратегиски партнерства од областа на млади и структурен дијалог.

Преку **Секторот за правни работи** кој опфаќа децентрализирано административно работење на програмата Еразмус плус како и останати активности поврзани со правното работење на Националната агенција. Во состав на Секторот влегуваат:

Одделение за општи и правни работи

Одделение за архивско работење и јавни набавки

преку кои се следи и обработува прашањата во врска со правното работење на Националната агенција и на целокупната администрација, се изготвува студиско-аналитички материјали; следење на законските регулативи на РСМ и нивно усогласување и имплементација со регулативите на ЕУ; се врши прием и распоредување на поштата и прием на странки упатени до Националната агенција; се изготвува писмени одговори на барања на странки упатени до Националната агенција; се преведува материјал, се вршат технички работи и одржување;

Преку **Секторот за финансиски прашања** опфаќа децентрализирано финансиско работење на програмата Еразмус плус како и останати активности поврзани со правното и финансиското работење на Националната агенција. Во состав на Секторот влегуваат:

Одделението за сметководство и плаќања

Одделението за буџетска координација

Одделение за буџетска контрола преку кои се следи и обработува прашањата во врска со финансирањето на администрацијата, се врши проекција на буџетот на Националната агенција; се следи реализацијата на буџетот на Националната агенција, вкупно, по дејности и по сметки и се предлага прераспределба на планираните средства, се изготвува студиско-аналитички материјал и др.

**Поради усогласување на целите и ефективно програмско работење согласно новата програма *Еразмус плус* 2021-2027, во периодот 2021-2023, Националната агенција ќе пристапи кон промена на систематизацијата на работните места** (Правилникот за систематизација на работните места, како и Актот за систематизацијата на работните места и внатрешната организација на Националната агенција), во насока на:

1. Институционална надградба со цел успешен децентрализиран менаџмент при започнувањето на Програмата *Еразмус плус 2021-2027.*
2. Успешно реализирање на реакредитацијата на институцијата, процес кој се одвива на европско ниво, како и
3. Завршување на тековните повеќегодишни проекти од Програмата *Еразмус плус 2014-2020* со нејзините останати обврски.

## 1.5. СПЕЦИФИЧНОСТ НА НАЦИОНАЛНАТА АГЕНЦИЈА

Специфичноста на **Националната агенција** како јавна установа која има својство на правно лице, произлегува од пропишаните специфични надлежности во следниве области:

Националната агенција како јавна институција во рамките на своите активности коишто произлегуваат од Законот со кој се основа Националната агенција и член 5 став 2 од Статутот на Националната агенција, ги имплементира европските програми на Унијата на сите нивоа и тоа:

- на ниво на општо образование (од градинка до универзитет);
- на ниво на средно стручно и професионално образование и обука;
- техничка и професионална имплементација на размена на студенти и универзитетски професори;
- учествува во создавањето на европската образовна област којашто истовремено се состои од соработка со други држави;
- учествува во промовирање на активното граѓанство на младите воопшто и особено нивното учество во европското граѓанско општество;
- учествува во развивање на солидарноста и промовирање на толеранцијата кај младите, особено поради зајакнување на социјалната кохезија;
- придонесува за подобрување на заемното разбирање меѓу младите од различни држави;
- учествува во развојот на квалитетот на системите за поддршка на младинските активности и способностите на организациите од граѓанското општество кај младината;
- учествува во промовирање на европската соработка меѓу младината.

Националната агенција ги подржува и различните форми на мобилност и размена на лица вклучени на сите возрасни групи од сферата на стекнување на вештини преку образование, истражување, обуки, како и други видови на активности од поширокиот европски контекст

Со Статут е утврдена основната дејност на Националната агенција, односно програмите кои ќе ги остварува истата.

Имплементација на европската образовна програма ЕРАЗМУС+ 2014-2020, е утврдена во Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност (Сл. весник на РСМ бр.113/07, 24/11 и 24/13).

Националната агенција може да дејствува и како организатор на други настани кои се поврзани со основната дејност на Националната агенција.

Националната агенција во остварувањето на програмите:

- придонесува во развојот на Унијата како општество засновано на напредно знаење, одржлив економски развој, повеќе и подобри работни места и поголема социјална кохезија, истовремено обезбедувајќи заштита на средината за идните генерации, а особено размена, соработка и мобилност во областа на образованиeто и обуката;

- придонесува кон развивање на квалитетно доживотно учење и промовира одличност, иновација и европска димензија на системите и практиките од областа;

- помага при подобрување на квалитетот, атрактивноста и пристапноста на можностите за доживотно учење достапно во државите-учеснички во програмите;

- го зајакнува придонесот за доживотно учење преку социјална кохезија, активно граѓанство, меѓукултурен дијалог, еднаквост на половите и лична исполнетост;

- помага при унапредувањето на креативноста, конкурентноста, вработувањето и порастот на претприемачкиот дух;

- придонесува кон зголемено учество во доживотното учење на луѓе од различни возрасти, вклучувајќи ги и оние со посебни потреби и обесправените групи без оглед на нивната социјално - економска положба;

- го промовира учењето јазици и јазичната разновидност;

- го поддржува развојот на иновативните содржини засновани на информатичката и комуникациската технологија, услуги, педагогија и практика за доживотно учење;

- ја зајакнува улогата на доживотното учење во создавање на чувство за европско граѓанство засновано на разбирање и почитување на човековите права и демократијата и охрабрување на толерантноста и почитта кон другите народи и култури;

- ја поттикнува соработката на сите сектори за образование и обука во Европа со цел да се обезбеди квалитет;

- ја поттикнува најдобрата употреба на резултати, иновативните производи и процеси и ги разменува функционалните практики од областите опфатени од Програмата за *Доживотно учење*, со цел да го подобри квалитетот на образованието и обуката;

- објавува огласи за користење на програмите;

- ги информира граѓаните за работите поврзани со програмите, преку средствата за јавно информирање, изготвување билтени, интернет страница или на друг начин учествува во промовирање на активното граѓанство на младите воопшто и особено нивното учество во европското граѓанско општество;

- ја развива солидарноста и промовирање на толеранцијата кај младите, особено поради зајакнување на социјалната кохезија;
- придонесува за подобрување на заемното разбирање меѓу младите од различни држави;
- учествува во развојот на квалитетот на системите за поддршка на младинските активности и способностите на организациите од граѓанското општество кај младината;
- учествува во промовирање на европската соработка меѓу младината;
- учествува во промовирање на различните форми на мобилност и размена на индивидуи вклучени на сите возрасни групи од сферата на стекнување на вештини преку образование, истражување, обуки, како и други видови на активности од поширокиот европски контекст.

Националната агенција врши и други работи утврдени со закон.

Организациската поставеност на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност е уредена според Правилникот за систематизација на работните места. Актот за систематизацијата на работните места и внатрешната организација на Националната агенција е усогласен со ЕК, како и со Законот за државни службеници.



**Поради усогласување на целите и ефективно програмско работење согласно новата програма *Еразмус плус* 2021-2027, во периодот 2021-2023, Националната агенција ќе пристапи кон промена на систематизацијата на работните места** (Правилникот за систематизација на работните места, како и Актот за систематизацијата на работните места и внатрешната организација на Националната агенција), во насока на:

1. Институционална надградба со цел успешен децентрализиран менаџмент при започнувањето на Програмата *Еразмус плус 2021-2027.*
2. Успешно реализирање на реакредитација на институцијата, процес кој се одвива на европско ниво, како и
3. Завршување на тековни повеќегодишни проекти од Програмата Еразмус плус 2014-2020 со нејзините останати обврски.

**Националната агенција** во соработка и координација со надлежното министерство (Министерството за Финансии) ќе обезбеди вработувања согласно приоритетите од НПАА, а со цел:

- да се зајакне капацитетот на Националната агенција
- да се овозможи непречена реализација на стратегискиот план,
- да се овозможи непречена реализација на приоритетите и целите на Националната агенција
- да се обезбедат неопходните услови за добивање акредитација од ЕК.

Работниот однос во Националната агенција, работите и задачите што ги извршуваат вработените е во согласност со Законот за државни службеници.

## 1.7. ОДНОСИ СО ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ

Поради големиот опсег на области опфатени со закон дефинираните надлежности, Националната агенција развива интегриран пристап во планирање на развојот на спецификите наведени во 1.5 од овој документ, и тоа:

- Реализирање на годишната програма на Националната агенција;
- Реализирање на Програмата Еразмус+
- Реализирање на програмите Европас, Евридика, Еврогајденс, Е-твининг, Епале и Јутвики
- Развој на нови проекти и програми од сферата на образованието и науката.

Националната агенција остварува блиска соработка и координација со следниве органи на државна управа: Министерство за образование и наука; Министерството за финансии; Министерство за труд и социјална политика; Министерство за култура; Министерство за надворешни работи; Министерство за информатичко општество и администрација; Секретаријатот за европски прашања; Бирото за развој на образованието; Центарот за стручно образование и обука; Државнниот испитен центар, Центарот за образование на возрасните, Агенцијата за млади и спорт; Државниот завод за статистика; универзитетите, истражувачките институти и други.

Заради подобра координација на заедничките цели и активности вработените од Националната агенција учествуваат во меѓуресорни работни тела или групи во заедничките области на надлежности преку кои може да се постигне информираност во однос на ставовите и акциите, а во смисла на донесување на одредени правни, стратегиски и други документи, од кои ќе произлезе поголема усогласеност на ниво на национални приоритети.

## 1.8. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА НАЦИОНАЛНАТА АГЕНЦИЈА

Приоритетите и целите на Националната агенција, произлегуваат од општите цели на Програмата Еразмус плус за периодот 2020-2027, како и преостанатите обврски и тековни склучени повекегодишни проекти и договори од програмата Еразмус плус 2014-2020 година, како и други програми, проекти или акции поставени од страна на Европската комисија во полето на образование, обука и млади.

- Институционална надградба со цел успешен децентрализиран менаџмент при започнувањето на Програмата Еразмус плус 2021-2027.
- Успешно реализирање на реакредитација на институцијата, процес кој се одвива на европско ниво,

- Националната агенција ќе остварува вмрежување и соработка со меѓународни национални институции од полето на образование, обука и млади кои што се директно или индиректно поврзани со програмите на Унијата;
- Техничка и професионална имплементација на размена на студенти (коишто се корисници на грантови), како и универзитетски професори врз основа на национални билатерални регионални или други видови на програми за мобилност и грантови коишто се доделени за образовни активности;
- Националната агенција ќе спроведува активности на национално ниво за техничка координација на билатерална или друг вид размена на меѓународни грантови;
- Националната агенција ќе спроведува активности за национална и техничката координација на програмите коишто се однесуваат на доделените грантови на државјани на РСМ во други држави;
- Спроведување на активности за воспоставување и одржување на националната и меѓународна понуда за мобилност и проектна соработка;
- Спроведување на работни цели коишто се состојат од административна и техничка поддршка при имплементација на мерки и активности од европската структурна помош, вклучувајќи ги иницијативите на Европската Унија од областа на образование, обука, работа со млади, спорт и наука.

Други задачи:

- Завршување на тековни повеќегодишни проекти од Програмата Еразмус плус 2014-2020 со нејзините останати обврски.
- Активности за поддршка за сите претходно спомената програмски области;
- Подготовка и издавање на промотивни публикации и други вид на информативен материјал;
- Организирање и одржување на конференции, семинари, работилници и други видови на состаноци;
- Изготвување на анализи и експертизи од соодветните програмски области.

Покрај горенаведените активности Националната агенција ќе врши планирање, мониторинг и имплементација на билатерални и мултилатерални програми, проекти, како и учество во меѓународни мрежи кои се однесуваат на истражување, развој, образование, мобилност, како и останати организациски дејности.

Во наредниот период специфична активност на Националната агенција ќе биде успешно менаџирање на програмата наследничка во периодот 2021-2027 – *Еразмус плус*.

*Еразмус плус* е новата програма предложена од Европската комисија за образование, обука, млади и спорт. Имплементацијата започнува од 2021 година и значително ќе ги зголеми фондовите алоцирани за развој на знаење и вештини. Целта е да има 12 милиони ученици кои учествуваат во *Еразмус плус* во следниот програмски период, тројно во споредба со бројот утврден за претходниот период 2014-2020

година. Намерата е за тројно зголемување на учесниците со само двојно зголемување на буџетот. Ова сценарио е можно со поширока употреба на пофлексибилни формати за мобилност, како што се краткотрајна и групна мобилност, исто така со виртуелна размена и „мешана“ мобилност (комбинирање на виртуелни размени и кратка физичка мобилност), така што се опфаќаат повеќе луѓе. Натамошна промена е преместувањето на поранешниот Европски волонтерски сервис (ЕВС) од Еразмус плус во новиот Европски солидарност корпус.

Започнувајќи од 01.01.2021 година, настапуваат крупни промени на севкупната структура на програмата Еразмус плус , преку значителни измени и дополнувања на нејзините составни програмски делови, како и воведување на комплетно нови структурни елементи (подетално наведени во точка 1.10 на овој стратегиски план).

Ваквите промени суштински се одразуваат на работата на Националната агенција и укажуваат на потреба за зајакнување и унапредување на внатрешните капацитети на Националната агенција во периодот кој го опфаќа овој стратегиски план.

## 1.9. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ЗА И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2020 ГОДИНА

1. *Подготовки за спроведување на прогрсмата Еразмус плус*

- Објавен Повик за предлог проекти за Програмата Еразмус плус
- Објавен Повик за Акредитации за програмата Еразмус плус 2021-2027
- Објавен специјален КОВИД-19 Повик за предлог проекти за Програмата Еразмус плус
- Организирани инфо денови во повеќе градови во Република Северна Македонија околу новата програма,
- Организирана обука за корисници во осумте плански региони на државата
- Организирани повеќе од 30 работилници со заинтересирани апликанти од областа на млади, предучилишното, училишното, стручното, високото и образованието за возрасни околу правилата и начинот за аплицирање, како се пополнува апликација и финансиските правила
- Спроведена постапка за одлучување за две акции:

- Клучна акција 1- спроведено: прием на апликации, испраќање на писмо за прием, спроведена техничка проверка и квалитативна проверка, одржан селекционен комитет, ранг листи со предлози за одобрени, отфрлени и доделени проекти се доставени до директорот на НА.

- Клучна акција 2 и 3- спроведено: прием на апликации, испраќање на писмо за прием, спроведена техничка проверка и квалитативна проверка, следи одржување на селекционен комитет, формирање на листи со одобрени, одбиени и отфрлени апликации и конечна одлука на директорот на НА.

2. Надворешни евалуатори:
   - Одржани обуки за надворешните евалуатори за користење на електронските алатки за евалуација.

## 1.10. ПРОГРАМИ

СТРУКТУРА НА НОВАТА ПРОГРАМАТА ЕРАЗМУС ПЛУС 2021-201

**Клучна акција 1 – МОБИЛНОСТ ЗА УЧЕЊЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕ, ОБУКА, МЛАДИ И СПОРТ**

1. Проекти за мобилност од областа на образованието, обуката, младите и спортот

- Мобилност на студенти од високо образование

- Мобилност на учениците за стручно образование и обука

- Мобилност на учениците од училиштата

- Мобилност на младите

- Мобилност на персоналот во областа на образованието и обуката

- Мобилност на спортски тренери и персонал

2. Активности за учество на младите

3. Откријте активности на ЕУ

4. Можности за учење јазик

**Клучна акција 2 – СОРАБОКА МЕЃУ ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ ВО ОБРАЗОВАНИЕ, ОБУКА, МЛАДИ И СПОРТ**

1. Партнерства за соработка

- Партнерства за соработка
- Партнерства од мал обем

2. Партнерства за извонредност

- Европски универзитети
- Центри за стручна извонредност
- Заеднички магистерски студии Еразмус Мундус

3. Партнерства за иновации

- Сојузи
- Напредни проекти

4. Непрофитни спортски настани

5. Интернет платформи и алатки за виртуелна соработка

**Клучна акција 3 - ОБРАЗОВНИ ОРГАНИЗАЦИ И ИНСТИТУЦИИ ЗА СОРАБОТКА ВО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА, МЛАДИ И СПОРТ**

1. Поддршка за развој на европската политика, вклучувајќи:

- Отворен метод на координација
- Експерименти со европска политика
- Истражувања и студии ширум ЕУ или меѓународни истражувања (на пр. мрежата Евридика, Јутвики)
- Специфични активности за решавање на новите предизвици во политиките

2. Поддршка на алатки и мерки на Унијата што промовираат квалитет, транспарентност и препознавање на вештини, компетенции и квалификации, вклучувајќи:

- Европас и Јутпас

- Активности и раководни тела на Болоњскиот процес и други иницијативи кои овозможуваат полесно признавање на квалификации и периоди на студии од областа на образование и обуки

3. Дијалог за политика и соработка со клучните засегнати страни и меѓународните организации, вклучувајќи:

- Дијалог за политики

- Соработка со меѓународни организации (ОЕЦД, Совет на Европа)

- Поддршка на мрежите ширум ЕУ и европските невладини организации.

4. Мерки што придонесуваат за квалитативно и инклузивно спроведување на програмата, вклучувајќи:

- Ресурсни центри - САЛТО

- Активности за обука и соработка од страна на НА-и

- Поранешни учесници на Еразмус + (алумни мрежи, амбасадори).

5. Соработка со други инструменти на Унијата и соработка со други инструменти на Унијата и поддршка на другите политики на Унијата

- Мобилност за учење за други политики на Унијата

- Синергии со другите програми на ЕУ

6. Активности за дисеминација и подигнување на свеста, вклучувајќи:

- Платформа за резултати од програмата Еразмус Плус

- Европска недела на млади / Недела на стручни вештини / Недела на спорт

- Образование, обука и младински форум

- Евродеск мрежата.

**ЖАН МОНЕ АКЦИИ**

1. Жан Моне активности од областа на високото образование

2. Жан Моне активности во други области на образование и обука

3. Поддршка на институции.

**СТРУКТУРА НА ПРОГРАМАТА ЕРАЗМУС ПЛУС 2014-2020**

КЛУЧНА АКЦИЈА 1: МОБИЛНОСТ ЗА УЧЕЊЕ НА ИНДИВИДУИ

- Мобилност за учење во полето на образование, обука и млади
- Настани од широки размери – Европски волонтерски сервис
- Заеднички дипломи
- Гаранции за заеми за последипломски студии

Клучна акција 2: Соработка за иновации и размена на добри практики

- Стратегиски партнерства во полето на образование, обука и млади
- Алијанси на знаење
- Алијанси на вештини по сектори
- Градење капацитети во полето млади

Клучна акција 3: Поддршка за реформи во политиките

- Состаноци меѓу младите и донесувачите на одлуки во полето на млади

Децентрализирани акции менаџирање од НАЕОПМ

Клучна акција 1 – Мобилност на индивидуи во областа на образование, обука и млади

- Мобилност на студенти и вработени во полето на високото образование
- Мобилност на ученици и вработени во стручното образование и обука
- Мобилност на вработени во училишно образование
- Мобилност на вработени во образование за возрасни
- Мобилност за млади луѓе и младински работници

Оперативни цели:

- Подобрени можности за учење
- Зголемена вработеност и усовршени просперитети за градење кариера
- Зголемено чувство за покренување иницијативи и претприемнички дух
- Зајакнување на самодовербата
- Зголемување на јазични компетенции
- По активно учество во општеството
- Подобрување на меѓукултурната свест
- Зголемување на свеста за значењето на европските проекти и нивната вредност на европски ниво
- Мотивирање за продолжување на образованието во иднина (формално и неформално) како и на обуките по завршување на мобилноста

Специфични цели:

- Подобрени компетенции поврзани со нивните професионални профили (настава, обука, работа со млади итн.)
- Проширување на знаењето/практиката, политики и системи во образованието, обуката и младите меѓу државите
- Зголемен капацитет за предизвикување промени за модернизација и меѓународно отворање на нивните организации
- Зголемување на квалитетот на нивната работа и активност во полза на студентите, ученици, практиканти, чираци, возрасни ученици, млади и волонтери
- Заедничко разбирање и одговорност кон социјална, јазична и културна одговорност
- Значително зголемена способност да се одговори на барањата на лица со посебни потреби
- Зголемена поддршка и промоција за активности поврзани со мобилност на индивидуи
- Повеќе можности за професионален кариерен развој
- Подобрување на компетенциите за странски јазици
- Зголемена мотивација и задоволство од дневна работа

КЛУЧНА АКЦИЈА 2 - СОРАБОТКА ЗА ИНОВАЦИЈА И РАЗМЕНА НА ДОБРИ ПРАКТИКИ

- Стратегиски партнерства во полето на образование, обука и млади

Оперативни цели:

- Активности кои ја зајакнуваат соработката помеѓу организации кои имаат цел да се воспостават размени и практики
- Активности кои промовираат развој и иновативни практики во полето на образование, обука и млади
- Активности кои го олеснуваат признавањето и препознавањето на знаењето, вештините и компетенциите преку формално и неформално учење
- Активности преку соработка на регионални тела

Специфични цели:

- Воведување на иновативни активности
- Флексибилност во однос на активностите и партнерите
- Проекти кои се однесуваат на работа во индустријата
- Транснационални активности кои го поттикнуваат претприемачките вештини кои го подржуваат активното граѓанство и претприемништво

КЛУЧНА АКЦИЈА - ПОДДРШКА ЗА РЕФОРМА НА ПОЛИТИКИТЕ

- Состаноци помеѓу младите и донесувачите на одлуки во полето на млади

Оперативни цели:

- Поддршка и олеснување на модернизација на системите во образованието и обуката
- Подржување состаноци помеѓу млади луѓе и оние кои носат одлуки во полето на млади
- Поддршка на проекти кои опфаќаат состаноци, конференции, консултации и настани

Специфични цели:

- Активно учество на млади во демократскиот живот во Европа како и нивна соработка со лицата креатори на одлуки
- Активно учество на младите и на оние одговорни за младинска политика

| | 2021<br>План | 2022<br>План | 2023<br>План |
|---|---|---|---|

**Развивање политики**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Јакнење на институционалните капацитети за реализација на новата програма на Унијата, Еразмус плус 2021-2027**<br><br>**Имплементација на проекти** | **Целосно функционирање и имплементација на програмата Еразмус плус 2021 - 2027** | **Целосно функционирање и имплементација на програмата Еразмус плус 2021 - 2027** | **Целосно функционирање и имплементација на програмата Еразмус плус 2021 - 2027** |

**Стратегиско планирање/Буџет**

| | | | |
|---|---|---|---|
| – Воспоставување на капацитет за стратегиско и буџетско планирање со можно вработување во соодветните сектори<br>– Функционирање на стратегиското планирање во НА за следење на имплементацијата на донесените стратегиски активности | – Зголемување на капацитетите во областа за стратегиско планирање<br>– Зајакнување на капацитетот за стратегиско и буџетско планирање со обука на вработените<br>– Функционирање на стратегиското планирање во НА за следење на имплементацијата на донесените стратегиски активности | – Навремена и редовна изработка на документацијата за стратегиско и буџетско планирање<br>– Детализирање на документацијата за стратегиско и буџетско планирање<br>– Функционирање на стратегиското планирање во НА за следење на имплементација на донесените стратегиски активности | – Навремена и редовна изработка на документација за стратегиско и буџетско планирање<br>– Детализирање на документацијата за стратегиско и буџетско планирање<br>– Функционирање на стратегиското планирање во НА за следење на имплементацијата на донесените стратегиски активности |

**Извршување на Буџетот и управување со средства**

| | | | |
|---|---|---|---|
| – Изработување на буџетската документација | – Подобрување на квалитетот на менаџмент | – Ефикасно спроведување на Буџетот и управување со средствата според прецизно воспоставени правила и динамика на користење | – Ефикасно спроведување на Буџетот и управување со средствата според прецизно воспоставени правила и динамика на користење |

**Управување со човечки ресурси**

| | | | |
|---|---|---|---|
| – Градењето и јакнењето на институционалните капацитети со спроведување на програмско-специфични обуки наменети за вработените.<br>– Подготовка на програмско-специфични обуки наменети за крајните корисници | – Јакнењето на институционалните капацитети со спроведување на програмско-специфични обуки наменети за вработените.<br>– Спроведување на програмско-специфични обуки наменети за вработените.<br>– Иницирање на програмско-специфични обуки наменети за крајните корисници<br>– Проценка на потребите за обука на персоналот и подготовка на план за обука за вработените во НА | – Спроведување на програмско-специфични обуки наменети за вработените.<br>– Развој на програмско-специфични обуки наменети за крајните корисници<br>– Понатамошен развој на корисните обуки на персоналот и подготовка на развоен план за обука за вработените во НА | – Спроведување на програмско-специфични обуки наменети за вработените.<br>– Развој на програмско-специфични обуки наменети за крајните корисници<br>– Понатамошен развој на корисните обуки на персоналот и подготовка на развоен план за обука за вработените во НА |

**Управување со информациски технологии**

| | | | |
|---|---|---|---|
| – Планирање на имплементација на функционално-специфични информациски системи<br>– Воспоставување на инфраструктурни и човечки капацитети за управување со информациските системи; обуки на вработени. | – Имплементација на функционално-специфични информациски системи<br>– Развој на човечки капацитет за управување со информациските системи<br>– Обуки на вработени за користење на информациски системи<br>– Обуки на крајни корисници за користење на функционално специфични софтверски алатки | – Редовно функционирање и одржување на информациските системи и натамошно планирање и развој на софтверски алатки.<br>– Обуки на вработени за користење на информациски системи<br>– Обуки на крајни корисници за користење на функционално специфични софтверски алатки | – Редовно функционирање и одржување на информациските системи и понатамошно планирање и развој на софтверски алатки.<br>– Обуки на вработени за користење на информациски системи<br>Обуки на крајни корисници за користење на функционално специфични софтверски алатки |

**Внатрешна ревизија**

| | | | |
|---|---|---|---|
| – Доследно спроведување на професионалните меѓунардни стандарди, Законот за внатрешна ревизија и други прописи | – Реализирање на неколку ревизии по барања кои треба да послужат за контрола на наменското користење на средствата, како и промовирање на самата функција на внатрешната ревизија како професионална ревизорска функција<br>– Доследно спроведување на професионалните меѓународни стандарди, | – Евалуација и утврдување на контролни механизми за успешноста во работењето како и понатамошно дефинирање и усовршување на методологијата на работа која се заснова на проценка на ризикот на работење<br>– Реализирање на ревизии по барања, развој на внатрешната ревизија во НА кој ќе придонесе за | – Евалуација и утврдување на контролни механизми за успешноста во работењето како и понатамошно дефинирање и усовршување на методологијата на работа која се заснова на проценка на ризикот на работење<br>– Реализирање на ревизии по барања, развој на внатрешната ревизија во НА кој ќе придонесе за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Законот за внатрешна ревизија и другите применливи прописи | приближување кон стандардите и праксата на внатрешната ревизија во развиените земји и подобро разбирање на функцијата, прифаќање и делување на сите нивоа во организацијата | приближување кон стандардите и праксата на внатрешната ревизија во развиените земји и подобро разбирање на функцијата, прифаќање и делување на сите нивоа во организацијата |

**Директорка**
**Лидија Димова**

Национална агенција за европски образовни програми и мобилност
Скопје
Р. Македонија